АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Мај 2024** **Бр.5**

## Билатерална средба на АВМУ и НКМ во Приштина



Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Независната комисија за медиуми на Република Косово (НКМ) на 22 мај во Приштина, договорија продлабочување на меѓусебната соработка и зголемена размена на добри практики во областа на медиумската регулација. Претставниците на двете регулаторни тела разговараа за повеќе прашања поврзани со хармонизацијата на домашната регулатива со европската и спроведувањето на обврските кои произлегуваат од ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги. Посебен фокус беше ставен на начинот на реализација на мониторингот на медиумските содржини во период на изборни процеси.

За време на средбата косовскиот регулатор го претстави и системот за мониторинг на програмските содржини емитувани на радијата и телевизиите, и за прием на сигналите на операторите кои реемитуваат програмски сервиси. На крајот на состанокот беше констатирано дека билатералните односи се од важно значење и дека ваквата пракса ќе продолжи и во иднина.

## Објавени извештаи за изборното медиумско претставување во вториот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024 и Парламентарните избори 2024

На 30 мај, АВМУ ги објави извештаите за изборното медиумско претставување за Парламентарните избори 2024 од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај и за вториот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024 од 25 април до 6 мај. Со мониторингот беа опфатени 10 програмски сервиси на комерцијалните национални телевизии: ТВ Алсат-М; ТВ Алфа; ТВ Канал 5; ТВ Сител; ТВ Телма; ТВ 21-М; ТВ Клан Македониа; ТВ Шења; ТВ 24 Вести и ТВ Сонце и програмите на Јавниот сервис – МРТ 1, МРТ 2 и Собранискиот канал. За другите програмски сервиси се постапуваше врз основа на претставки.

Предмет на надзорот беше севкупното програмско денонокие, од кое се анализираа облиците на изборно медиумско претставување. Од ТВ дневниците/вестите за анализа беше издвоено – централното издание, а од вкупниот обем емитувани интервјуа и дебати беа селектирани само тие чија основна содржина беа Претседателските и/или Парламентарните избори. Сите телевизии од примерокот за мониторинг на медиумското покривање на вториот круг од Претседателските избори известуваа правично, избалансирано и непристрасно, почитувајќи го принципот на еднаквост што е професионална обврска од Изборниот законик. Известувањето на ТВ сервисите за Парламентарните избори беше фокусирано на информирање за активностите на четирите поголеми коалиции од власта и од опозицијата: Коалицијата за Европска иднина, Коалицијата „Европски фронт“, Коалицијата „Твоја Македонија“ – ВМРО ДПМНЕ, и Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ. Единствено ТВ Алсат – М успеа да обезбеди информации за активностите на сите 17 учесници во кампањата.

Поради недостигот од примарен новинарски кадар и соодветна дописничка мрежа, ниту една од информативните редакции не успеа целосно да ја исполни обврската за избалансирано покривање на изборниот процес врз основа на принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници. За ваквата фактичка состојба одредени редакции ја известија АВМУ уште пред почетокот на кампањата од двојниот изборен процес. Кај Јавниот сервис, уште еднаш се потврди дека ограничувањата во одредбите од Изборниот законик за поделбата на времето во вестите, не обезбедуваат суштински баланс во известувањето. Обврската за достапност на содржините за лицата со сетилна попреченост, генерално, ја исполнија сите медиуми опфатени со анализата на мониторингот.

Извештајот за изборното медиумско претставување во вториот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024 е достапен на линкот.

Извештајот за изборното медиумско претставување за Парламентарните избори 2024 е достапен на линкот.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

## Објавени извештаи за емитувано ППР за втор круг Претседателски избори и за Парламентарни избори 2024

Агенцијата на 23 мај ги објави извештаите за платеното политичко рекламирање (ППР) емитувани за време на вториот круг од Претседателските избори и за Парламентарните избори 2024. Во вториот круг од изборната кампања за Претседателските избори, вкупно 57 радиодифузери (32 телевизии и 25 радија) склучија договори со двајцата учесници во изборната кампања. Од 10-те национални телевизии , најмногу реклами емитуваа Канал 5 (24 часа 1 минута и 32 секунди), Сител (16 часа 25 минути и 16 секунди) и Алфа (14 часа 24 минути и 43 секунди), додека од 4-те национални радија најмногу реклами имаа Антена 5 (8 часа 31 минута и 40 секунди) и Канал 77 (4 саати 32 минути и 7секунди). За кандидатот за претседател Стево Пендаровски беа емитувани вкупно 160 часа 58 минути и 32 секунди ППР (128 часа 48 минути и 43 секунди на ТВ и 32 часа, 9 минути и 49 секунди на радио), додека за кандидатката Гордана Силјановска-Давкова емитувани се вкупно 122 часа и 22 секунди ППР (75 часа 14 минути и 5 секунди на ТВ и 46 часа 46 минути и 17 секунди на радио). Во однос на Парламентарните избори, на 68 радиодифузери (39 телевизии и 29 радија) кои склучија договори со учесниците во изборната кампања беа емитувани вкупно 567 часа 43 минути и 31 секунда платено политичко рекламирање. Од 11-те национални телевизии, најголем обем на реклами имаа Алсат-М (44 часа 12 минути и 27 секунди), Канал 5 (35 часа 58 минути и 4 секунди) и ТВ Компани 21-М (33 часа 5 минути и 57секунди), додека од 4-те национални радија најмногу реклами емитуваа Антена 5 (15 часа 22 минути и 35 секунди) и Канал 77 (10 часа, 6 минути и 46 секунди).

Извештајот за ППР на радиодифузерите за вториот круг од изборната кампања за Претседателските избори во периодот од 25 април до 6 мај 2024 година е достапен на линкот.

Извештајот за ППР на радиодифузерите од изборната кампања за Парламентарни избори во периодот од 18 април до 6 мај 2024 година е достапен на линкот.

## Извештај за ППР на радиодифузерите за првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно обврската од член 76-д став 8 од Изборниот законик, на 10 мај до Државната изборна комисија го достави Извештајот за платеното политичко рекламирање (ППР) на радиодифузерите за време на првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори, во периодот од 4 до 22 април 2024 година. Од 77 радиодифузери (39 ТВ и 38 РА) регистрирани во Регистарот на ДИК, вкупно 64 радиодифузери (37 ТВ и 27 РА), склучија договори со учесниците во изборната кампања.

Вкупното платено политичко рекламирање на радиодифузерите изнесуваше 567 часа 21 минута и 39 секунди. Од него, за Стево Пендаровски – 165 часа 2 минути и 36 секунди; Гордана Силјановска Давкова – 154 часа 45 минути и 37 секунди; Бујар Османи – 106 часа 57 минути и 28 секунди; Арбен Таравари – 92 часа 55 минути и 31 секунда; Максим Димитриевски – 20 часа 6 минути и 6 секунди; Билјана Ванковска Цветковска – 17 часа 44 минути и 15 секунди; и за Стевчо Јакимовски – 9 часа 50 минути и 6 секунди. Од 9-те национални телевизии што склучија договори за емитување ППР, најмногу рекламно време имаа Алсат-М (38 часа, 43 минути и 21 секунда), Канал 5 (30 часа, 48 минути и 8 секунди) и Компани 21-М (28 часа, 2 минути и 24 секунди), додека од 4-те национални радија кои склучија договори за емитување ППР, најмногу рекламно време остварија Антена 5 (16 часа, 2 минути и 32 секунди) и Јон радио (12 часа, 49 минути и 18 секунди).

Извештајот за платеното политичко рекламирање на радиодифузерите за првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024 е достапен на линкот.

## Извештај за медиумското претставување во првиот круг од кампањата за Претседателските избори 2024

Агенцијата на 2 мај го објави извештајот за начинот на известување на радиодифузерите во првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори, во периодот од 4 до 22 април 2024 година. Со мониторингот беа опфатени 13 програмски сервиси – националните комерцијални телевизии Алсат-М, Алфа, Канал 5, Сител, Телма, 24 Вести, 21-М, Шења, Клан Македонија и Сонце и програмските канали на Јавниот сервис – МРТ 1, МРТ 2 и Собранискиот канал. Наодите од мониторингот покажаа дека речиси сите телевизии во вестите го почитуваа принципот за еднаков третман при изборното медиумско претставување на кандидатите за претседател на државата. Активностите за претседателската кампања кај сите телевизии беа одвоени во посебна информативна рубрика каде што се прикажуваа поенти извлечени од обраќањата на кандидатите пред гласачите. Само Првиот програмски сервис на Македонската радио телевизија и ТВ 24 Вести направија интервјуа со сите седуммина кандидата за претседател на државата. Во однос на дебатите, единствено МРТ 1 успеа да организира дебатно соочување на кое присуствуваа сите седуммина кандидати за претседател на државата.

Од аспект на аудиовизуелниот квалитет на известувањето за претседателската кампања, поради недостиг од ажурна дописничка мрежа, екипирана со воедначени продукциски стандарди, редакциите беа принудени да адаптираат аудиовизуелен изборен материјал доставен или од комуникациските/маркетиншките тимови на кандидатите за претседател на државата или од нивните официјални профили на социјалните мрежи што беше очигледно од применетиот начин на снимање/кадрирање, од сценографската/амбиенталната поставка за изборното претставување и од дополнителната графичка обработка на медиумски презентираниот аудиовизуелен материјал.



# NEWSLETTER

Со исклучок на ТВ Клан Мацедониа која спротивно на Изборниот законик не обезбеди информирање за изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост, сите програмските сервиси опфатени со мониторингот обезбедија секојдневно едно издание на централните ТВ дневници и неделно едно издание на актуелно-информативна емисија со титлување или со превод на знаковен јазик за лицата со сетилна попреченост.

Извештајот за начинот на известување на радиодифузерите во првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024 година е достапен на линкот.

## Потсетување на радиодифузерите за правилата во период на Изборен молк

Во мај, Агенцијата во два наврати ги потсети радиодифузерите за правилата кои важат во периодот на изборен молк. Во првиот случај поради повторување на гласањето за Парламентарните избори 2024 во седум гласачки места во Изборните единици 5 и 6, Агенцијата ги извести националните радиодифузери и радиодифузерите кои емитуваат програма на подрачјето на Охрид, Крушево, Струга, Долнени и Желино дека за нив важат обврските за изборниот молк, од полноќ на 20 мај се до 19 часот на 22 мај 2024 година. Во вториот случај, беа известени сите радиодифузери дека од вечерта на полноќ на 6 мај до 19 часот на 8 мај трае изборниот молк за Претседателските и Парламентарните избори 2024.

Во соопштенијата беше посочено дека за време на молкот, медиумите продолжуваат да известуваат за изборниот процес, но престануваат сите облици на изборно медиумско претставување на учесниците во изборната кампања. Според Изборниот законик, за прекршување на изборниот молк се смета емитувањето какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите, какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите, податоци со кои се открива идентитетот на политички субјекти и/или поединци вклучени во инциденти или неправилности на денот на гласањето; како и изјави од кандидати во изборниот процес, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта.

## Надзор над изборното медиумско претставување на ТВ Алфа

При мониторингот над изборното медиумско претставување на програмата на ТВ Алфа, емитувана на 25 април 2024 година, Агенцијата констатираше прекршување на член 75-ѓ, став 1 од Изборниот законик.

Во текот на вториот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024 година, ТВ Алфа во реалните часови емитувана програма од 8 до 9 часот, од 9 до 10 часот, од 10 до 11 часот, од 11 до 12 часот и од 12 до 13 часот, емитуваше повеќе од 4 минути платено политичко рекламирање за кандидатката за претседател, поддржана од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ.

## Надзори врз радиодифузери

Вонреден административен надзор за исполнувањето на обврските од членот 62 став 6 од ЗААВМУ и член 21 ставови 3 и 4 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување е извршен врз Телевизија Њуз од Куманово. Со надзорот беше констатирано дека одговорниот уредник на ТРД ТВ Њуз ДООЕЛ Куманово е вработен кај радиодифузерот во редовен работен однос и со полно работно време, со што се исполнети законските обврски.

## Изречени мерки јавна опомена

Врз основа на констатации од надзор, Советот на Агенцијата на 21-та седница одржана на 10 мај донесе Решение за изрекување на мерка јавна опомена за операторот Тотал ТВ од Скопје, заради тоа што во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис „МРТ2“, „МРТ4“ и „МРТ5“ што е спротивно на член 143 став 3 од ЗААВМУ.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-028/2018